ВЛАДАТА НА РМ
ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ПРИ ВЛАДАТА НА РМ
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ
ЦЕНТРИТЕ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

# СЕ НАЈЗАТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ЈАВНОСТА ЗА 2013 ГОДИНА

» **1. Здравствените домови** (Струмица, Вевчани, Кратово, Тетово, Велес, Кочани, Охрид, Скопје и Железара), **Општите и Клиничките болници** (Струга, Штип, Прилеп, Струмица, Кичево, 8ми септември) **и Македонската радио телевизија се најтранспарентни институции за 2013 година.**

» **2. Владата на РМ, Генералниот секретаријат при Владата на РМ, Министерството за финансии и Центрите за јавно здравје** (Прилеп, Куманово, Тетово, Велес, Струмица, Штип, Гевгелија и Битола) **се најнетранспарентни институции за 2013 година.**

» **3. Министерството за здравство на РМ, Фондот за здравствено осигурување на РМ и Институтот за јавно здравје на РМ го имаат статусот на делумно транспарентни институции.**

» **4. На 45% од доставените барања за пристап до информации од јавен карактер имателите не доставиле никаков одговор во редовна постапка, односно молчеле. Речиси сите (33%) отпаѓаат на Владата на РМ, Институтот за јавно здравје на РМ, Министерството за финансии на РМ, Генералниот секретаријат при Владата на РМ и седумте Центри за јавно здравје.**

» **5. Министерството за финансии на речиси сите доставени барања донесе решение за одбивање на започнатата постапката за пристап до информации од јавен карактер со образложение дека бараните информации се податоци со соодветен степен на тајност.**

» **6. Институтот за јавно здравје на РМ, Владата на РМ и Центарот за јавно здравје Прилеп се институции кои најмногу доцнат во доставувањето на одговор на поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер, што во просек изнесува 3-6 месеци.**

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## ЛЕГЕНДА:

**НЕТРАНСПАРЕНТЕН** ★
нетранспарентна институција е онаа која има одговорено на помалку од 80% од барањата во редовна постапка; има над 1% нецелосни одговори, одбиени барања и молчење; а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата.

**ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН** ★
делумно транспарентна институција е онаа која има одговорено на 81-90% од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 и 1% нецелосни одговори, одбиени барања и молчење; а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата.

**ТРАНСПАРЕНТЕН** ★
транспарентна институција е онаа која има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0-0,1% нецелосно одговори; 0% одбиени барања и молчење; а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесувањето на барањата.

## Ранг листа на институции од јавниот и здравствениот сектор од аспект на нивната транспарентност и отвореност

| НЕТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| Влада на РМ | ★ |
| Министерство за финансии на РМ | ★ |
| Генерален секретаријат | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Прилеп | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Куманово | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Тетово | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Струмица | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Штип | ★ |
| ЈЗУ ЗД Гевгелија | ★ |
| ЈЗУ ЗД Битола | ★ |
| ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија | ★ |
| ЈЗУ ОБ Велес | ★ |

| ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство | ★ |
| ЈЗУ УК торакална и васкуларна хирургија | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Битола | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Скопје | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Кочани | ★ |
| Фонд за здравствено осигурување на РМ | ★ |
| Институт за јавно здравје на РМ | ★ |
| Министерство за здравство | ★ |

| ТРАНСПАРЕНТНИ ИНСТИТУЦИИ | |
|---|---|
| ЈЗУ ЗД Струмица | ★ |
| ЈЗУ ЗД Вевчани | ★ |
| ЈЗУ ЗД Кратово | ★ |
| ЈЗУ ЗД Тетово | ★ |
| ЈЗУ ЗД Велес | ★ |
| ЈЗУ ЗД Кочани | ★ |
| ЈЗУ ЗД Охрид | ★ |
| ЈЗУ ЗД Куманово | ★ |
| ЈЗУ ЗД Скопје, Завод за здравствена заштита на мајките и децата | ★ |
| ЈЗУ ЗС Железара | ★ |
| ЈЗУ ЦЈЗ Охрид | ★ |
| ЈЗУ ОБ Струга | ★ |
| ЈЗУ КБ Штип | ★ |
| ЈЗУ ОБ Прилеп | ★ |
| ЈЗУ ОБ Струмица | ★ |
| ЈЗУ ОБ Кичево | ★ |
| ЈЗУ ГОБ 8-ми септември | ★ |
| ЈЗУ УК за пластична и реконструктивна хирургија | ★ |
| Македонска Радио Телевизија | ★ |

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ - ЕСЕ

## Оценки на поединечните параметри за транспарентност и отвореност за секоја институција

| Назив на институција | Број на барања на кои е добиен одговор по редовна постапка | Број на барања по кои е добиен некомплетен одговор | Број на одбиени барања/запрени постапки | Број на барања на кои институциите молчеле | Просечен број на денови на добивање на одговорот, сметано од денот на неговото поднесување |
|---|---|---|---|---|---|
| Фонд за здравствено осигурување на РМ | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ жолто |
| Влада на РМ | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| Институт за јавно здравје на РМ | ★ црвено | ★ црвено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| Министерство за финансии на РМ | ★ црвено | ★ зелено | ★ црвено | ★ зелено | ★ црвено |
| Генерален секретаријат | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| Министерство за здравство | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ жолто | ★ жолто |
| Македонска радио телевизија | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЦЈЗ Прилеп | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ЈЗУ ЦЈЗ Скопје | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ жолто |
| ЈЗУ ЦЈЗ Кочани | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ жолто |
| ЈЗУ ЦЈЗ Куманово | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ЈЗУ ЦЈЗ Тетово | ★ црвено | ★ зелено | ★ црвено | ★ зелено | ★ црвено |
| ЈЗУ ЦЈЗ Битола | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ жолто |
| ЈЗУ ЦЈЗ Велес | ★ црвено | ★ зелено | ★ црвено | ★ зелено | ★ црвено |
| ЈЗУ ЦЈЗ Струмица | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ЈЗУ ЦЈЗ Штип | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ЈЗУ ЦЈЗ Охрид | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗД Гевгелија | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ЈЗУ ЗД Битола | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ЈЗУ ЗД Струмица | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗД Вевчани | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗД Кратово | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗД Тетово | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗД Велес | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗД Кочани | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗД Охрид | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗД Куманово | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ Завод за здравствена заштита на мајките и децата, ЗД Скопје | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ЗС Железара | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ОБ Струмица | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ УК за Гинекологија и акушерство | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ЈЗУ УК Торакална и Васкуларна хирургија | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ зелено |
| ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ЈЗУ ОБ Струга | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ КБ Штип | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ОБ Прилеп | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ОБ Кичево | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| ЈЗУ ОБ Велес | ★ црвено | ★ зелено | ★ зелено | ★ црвено | ★ црвено |
| ГОБ 8ми септември | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |
| УК за пластична | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено | ★ зелено |

Со цел да го претставиме нивото на транспарентност и отчетност на институциите од јавниот здравствен сектор за 2013 година, спроведовме анализа на постапките за пристап до информации од јавен карактер кои Здружението ЕСЕ ги спроведе во текот на 2013 година.

Во текот на 2013 со постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер беа опфатени вкупно 40 институции, и тоа: Владата на РМ; Генералниот секретаријат при Владата на РМ; Министерството за финансии на РМ; Институтот за јавно здравје на РМ; Министерството за здравство на РМ; Фондот за здравствено осигурување на РМ; Македонската радио телевизија; 10те Центри за јавно здравје на РМ; 12 Здравствени домови од РМ; шест Општи и Клинички болници; една Градска општа болница и четири Универзитетски клиники.

Во текот на водењето на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер беа доставени вкупно 445 барања преку кои беа барани податоци и документи за програмското и буџетското работење на Министерството за здравство и институциите од здравствениот сектор.

Наодите презентирани во овој документи се утврдени преку анализа на секоја водена постапка за пристап до информации од јавен карактер, за секоја институција поодделно.

Анализата на постапките е направена по пат на оценка на транспарентноста на секоја институција од аспект на пет параметри, и тоа:

- број на добиени одговори во редовна постапка;
- број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка;
- број на одбиени барања или пак запрени постапки од страна на имателите на информации од јавен карактер;
- број на барања по кои имателите молчеле; и
- просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка.

Секој од наведените параметри се разгледува како процент од вкупно доставените барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до секоја од институциите. Добиените проценти се претвораат во оценка/боја утврдена со претходно развиена матрица за оценка, каде: 0 – не транспарентен/црвено; 1 - делумно транспарентен/жолто и 2 транспарентен/зелено.

Конечната оценка за секоја институција, претставува оценка добиена како просек од поединечните оценки на параметрите наведени во претходниот пасус.

Финансиски поддржано од: FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА